**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО 2007 ГОДИНА

**Скопје, март 2008 година**

## РЕЗИМЕ

Царинската управа на Република Македонија е посветена на воспоставувањето на царински систем целосно компатибилен со царинскиот систем на Европската Унија (ЕУ) и со стандардите на Светската царинска организација (СЦО). Во 2007 година Царинската управа на Република Македонија (во натамошниот текст: Царинска управа) интензивно работеше на реализација на Националниот план за усвојување на *Acquis Communautaire*, натамошно хармонизирање на законодавството и пристапување кон меѓународните конвенции. Кон крајот на 2007 година Република Македонија стекна статус на набљудувач во работните групи на Европската Комисија за заедничките транзитни конвенции.

2007 година ја одбележаа интензивни активности за натамошно јакнење на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа, како и за олеснување и забрзување на трговијата, при што акцент беше ставен на постигнување конкретни мерливи резултати во сузбивањето на корупцијата, спречувањето на нелегална трговија, увозот и транзитот на фалсификати и пиратерија и намалување на трошоците на економските оператори. Странската помош на билатерална и мултилатерална основа имаше значителен придонес во јакнењето на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа.

Во контекст на претходното, во 2007 година започна процес на донесување и измена на интерни акти со кои се уредуваат организацијата и работните процеси во Царинската управа, реализирана е сеопфатна програма за обуки на вработените, зајакнати се интерните контролни механизми, спроведени се голем број на истражни и дисциплински постапки кои резултираа со голем број откази и кривични пресуди, а истовремено се започнати активности за целосна реконструкција на информациската и комуникациската поддршка и воведување на едношалтерски систем за увозните и извозните постапки.

Значително зголемениот ангажман во спроведувањето на законите резултираше со откривање и спречување поголем број на обиди за царински измами од секаков вид, при што се запленети огромни количини на стока, наркотици, оружје и фалсификати, иницирани се неколку стотини кривични и илјадници прекршочни пријави. Набавени се четири мобилни рентгенски апарати за контрола на камиони и контејнери, што заедно со ангажманот на царински експерти од Европската унија, претставува основа за постигнување уште подобри резултати во овој сегмент во наредниот период.

Со цел намалување на трошоците на економските оператори, на иницијатива на Царинската управа во 2007 година е извршено значително намалување и елиминирање на административни такси  и надоместоци за разни царински услуги, воведена е можност за намалување и целосно елиминирање на обезбедувањето на потенцијалниот царински долг а во соработка со бизнис заедницата отстранети се повеќе оперативни и нормативни пречки со што се поедноставени царинските процедури.

Споредено со 2006 година, Царинската управа во 2007 година наплати 28% поголеми приходи.

## ЕВРОИНТЕГРАЦИЈА

Со цел хармонизација со измените на Царинскиот закон на Европската унија кои беа објавени во Регулативата на Европската унија бр. 648/05 , во првата половина на 2007 година подготвени се измени и дополнувања на Царинскиот закон, донесени од страна на Собранието на Република Македонија на самиот почеток на 2008 година, со кои е поставена **законска рамка за воведување на концептот на Овластен економски оператор**.

Имајќи ги предвид препораките на Европската Комисија според кои административните такси кои се плаќаат за одредени царински постапки не се во согласност со европското законодавство, во првата половина од 2007 година донесени се измени и дополнувања на Законот за административни такси со кои **таксите за добивање разни царински одобренија од значителни суми (кои достигнуваа 60.000 денари) се сведени на сосема симболични износи (300 до 500 денари).**

**Со измените на Законот за административни такси елиминирани се таксите за издавање одобрение за** отворање на царински склад, одобрение за царинска постапка со економски ефект, одобрение за поедноставена транзитната постапка, одобрение за поедноставена постапка на декларирање или постапка на локално царинење, како и за поедноставување во врска со докажувањето на потеклото на стоката, за употреба на техника на електронска обработка на податоците, за користење на истоветна стока во постапката на увоз за облагородување, за користење на стандарден систем на замена во постапката на извоз за облагородување, за спроведување на вообичаените форми на ракување во царинскиот склад, за складирање на домашната стока во царинскиот склад, за пренесување на стоката од еден царински склад во друг, како и за привремено изнесување на стоката од царинскиот склад, за пренесување на правата и обврските од едно на друго лице кои произлегуваат од царинската постапка со економски ефект, за одобрување на предложената форма на водење на евиденции за стоката во слободната економска зона или слободен склад, за издавање на решение за вршење на царински надзор во слободната економска зона или слободен склад или одобрение за градење или адаптација во слободната зона.

Во насока на натамошно усогласување со *Acquis Communautaire*, извршени се измени на Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка со кои **се укинати надоместокот од 40 евра за задолжителна тарифна информација и надоместокот од 65 евра за лабораториски испитувања.**

Согласно Националната програма за усвојување на правото на Европска унија (ЕУ), Владата на Република Македонија донесе Уредба за применување на регулативите на Европската Комисија за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 76/2007). **Уредбата овозможува директно применување на европските одлуки регулативи и понатамошно усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ.**

Врз основа на иницијатива на Царинската управа до Владата на Република Македонија за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка помеѓу Европската економска заедница и ЕФТА државите и Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговијата со стока[1], **во декември 2007 година Република**

[1] Конвенција меѓу Европската Економска Заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за заедничка транзитна

**Македонија стана земја набљудувач на работните комитети на Европската Комисија**. Од почетокот на 2008 година Царинската управа започна да учествува на состаноците на работните комитети. Понатамошното исполнување на условите за пристапување кон овие меѓународни конвенции претпоставува хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ во областа на транзитот и поврзување со Новиот компјутеризиран транзитен систем на ЕУ (NCTS) што значи и набавака на нов софтвер за обработка на царински декларации. Во оваа насока во 2007 година се презмени следните чекори:

> Имајќи предвид дека до крајот на 2007 година требаше да згасне работата и техничката асистенција на CAFAO - МАК, Царинската управа во февруари 2007 година подготви и до Делегацијата на Европската Комисија во Република Македонија достави предлог проектно фише за поддршка од страна на ЕУ (преку идните ИПА фондови) со три под-проекти: а) хармонизација на царинското законодавство во Република Македонија со законодавството на ЕУ, б) започнување на компјутеризација на царинската служба во правец на подобрување на ефикасноста на царинското работење и пружање на подобри услуги кон корисниците и в) подобрување на капацитетите во борбата против измамите, корупцијата и шверцот со дрога. Сите проекти се прифатени и во тек е нивна реализација.

- Изработено е проектно фише а обезбедена е експертска поддршка за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, финансирана од фондовите на ИПА 2007. Тендерот за избор е објавен од страна на Европската Комисија на почетокот на 2008 година.

- Во мај 2007 експерти на Генералната дирекција за царини и даноци на Европската комисија направија IT awareness мисија во Царинската управа. Мисијата како главен приоритет го идентификуваше обезбедувањето на ново национално транзитно софтверско решение кое ќе ги подржува основите на национално конфигурираното царинско работење со целосно прифаќање на ЕУ законодавството и стандардите, како и обезбедување на поврзаност со ЕУ системите.

- Во септември 2007 година Европската агенција за реконструкција (ЕАР) презеде обврска да обезбеди и финансира техничка асистенција за изработка на техничка спецификација за изработка на ново национално софтверско решение. ЕАР ја заврши постапката за избор на експерти на почетокот на 2008 година. Царинската управа има буџет за финансирање на изработка на националното транзитно софтверско решение.

- Подготвено е проектно фише и обезбедена е ескпертска поддршка за изработка на техничка спецификација за изработка на софтверско решение за поврзување на националното транзитно софтверско решение со соодветните системи на ЕУ, финансирана од фондовите на ИПА 2007 година. Тендерот за избор е објавен од страна на Европската Комисија на почетокот на 2008 година.

- Подготвено е проектно фише и е обезбедена поддршка од фондовите на ИПА 2008 за финансирање на изработка на софтверско решение за поврзување на националното транзитно решение со соодветните системи на ЕУ.

---

постапка од 20 мај 1987 година и Конвенција меѓу Европската Економска Заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за поедноставување на формалностите при трговија со стока од 20 мај 1987 година

Со цел развивање на постојната сосема скромна царинска лабораторија, на барање на Царинската управа, а во организација на CAFAO - МАК мисијата, во мај 2007 година беше реализирана посета од страна на словенечки експерт за царинска лабораторија, кој изврши проценка на постоечките капацитети, изнесе предлози за времено преадаптирање на постоечката царинска лабораторија и ја поддржа во целост иницијативата на Царинската управа за изградба на комплетно нова, современа лабораторија, во согласност со европските стандарди. Имајќи ја предвид важноста на воспоставување модерна и правилно профилирана и димензионирана царинска лабораторија, во тек се активности за обезбедување соодветни простории.

На иницијатива на Царинската управа, на почетокот на 2007 година извршена е реалокација во CARDS програмата со која алокацијата за набавка на еден рентгенски скенер за контрола на камиони контејнери е пренаменета за набавка на опрема за царинска лабораторија[2], опрема за делумен видеонадзор на граничните премини, возила за оперативните единици на Царинската управа и опрема за вршење симултан превод.

Врз основа на спроведените преговори и подготовки помеѓу Царинската управа и Генералната дирекција за царини и даноци на Европската комисија, во рамки на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки, во Протоколот за потекло договрени се измени во одредбите за кумулација со кои, покрај материјалите со потекло од Заедницата и Република Македонија, се вклучени и материјали со потекло од земјите вклучени во процесот за стабилизација и асоцијација на Европската унија и материјали со потекло од Турција на кои се однесува Одлуката бр. 1/95 на Советот за асоцијација на ЕЗ и Турција (за индустриски производи). Во октомври 2007 година, Европската Комисија донесе одлука за вклучување на Република Македонија во Пан Евро-Медитеранскиот систем на дијагонална кумулација на потеклото на стоките.

На покана на Царинската управа, **СЦО во јуни 2007 година спроведе дијагностичка мисија** за усогласеноста на Република Македонија со Рамката на стандарди за безбедност и олеснување на меѓународната трговија. При тоа беше извршена стратешка проценка на способноста на Царинската управа за спроведување на реформи и модернизација, за обезбедување совети за примена на Рамката на стандарди за безбедност и олеснување на трговијата и за обезбедување стратешка насока за спроведување на идните активности. Како резултат од спроведената дијагностичка мисија, претставниците на СЦО (членови на дијагностичкиот тим) изработија извештај во кој е разработена стратешка анализа на недостатоците (gap analysis), на моменталната состојба, како и препораки за идно дејствување во поглед на имплементацијата на Рамката на стандарди за безбедност и олеснување на меѓународната трговија (Прва фаза). Во текот на 2008 година се очекува реализација на Втората фаза, односно експертска поддршка од СЦО за подготовка на детален план за реализација на препораките од Првата фаза.

Во ноември 2007 година Царинска управа подготви **Иницијатива за пристапување на Република Македонија кон Ревидирана Кјото конвенција за олеснување на меѓународната трговија** со детална анализа на усогласеност на секој стандард и предлог мерки, рокови и одговорни лица за усогласување на стандардите. Ревидираната Кјото конвенција треба да обезбеди транспарентност и предвидливост на царинските постапки за учесниците, особено за увозниците, извозниците, транспортерите и шпедитерите.

[2] Согласно среднорочниот план на активности кои произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, во 2007 година Царинската управа започна со активности за воспоставување на современа царинска лабораторија.

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАПАЦИТЕТ

### Правна рамка

Заради овозможување примена на одредбите од Царинскиот закон кои предвидуваат можност за намалување на износот на гаранциите кои имателите на царински одобренија мора да ги доставаат до Царинската управа на име обезбедување на потенцијален царински долг, во првата половина од 2007 година изменета е и дополнета Уредбата за спроведување на Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" 40/2007). **Со измените на Уредбата се предвидени транспарентни критериуми (меѓу кои финансиска и даночна историја на компанијата, сопствениците и менаџментот) за намалување на износот на гаранциите (и до 0% од потенцијалниот царински долг)** кои се докажуваат со соодветни изјави и документи кои треба да ги доставуваат имателите на одобренија на постапки на увоз за облагородување и царинско складирање. Обезбедено е поедноставување и забрзување на постапката за прифаќање на гаранциите (доказната постапка ја спроведува самата Царинска управа), како и елиминирање на дискреционото право на Царинската управа на недоволно транспарентен начин да ја одредува висината на износот на банкарската гаранција (наместо дефинирање на износот на банкарска гаранција, се лимитира износот на потенцијалниот долг во однос на примената банкарска гаранција). Истовремено, можноста за користење на правото на намалена банкарска гаранција обезбедува намалување на трошоците на економските оператори за обезбедување на банкарски гаранции (хипотеки, банракси провизии и сл.).

Покрај претходно споменатото воведување на концептот на Овластен економски оператор, измените на Царинскиот закон подготвени во 2007 година (донесени од страна на Собранието на Република Македонија на самиот почеток на 2008 година) содржат и одредби со кои се прецизираат и поедноставуват и **критериумите за донесување, измена и укинување на одлуки од страна на Царинската управа. Се воведува дефиниција за лице со поголем (финансиски) ризик, а одредбите за царинските прекршоци се усогласуваат со националниот Закон за прекршоци.** Со овие измени се овозможува транспарентно и недвосмислено постапување на Царинската управа при евентуално одземање на претходно издадени одобренија и лиценци и целосно преземање на надлежностите од судовите околу спроведувањето на постапките за сторени царински прекршоци (мандатни казни и глоби).

Со цел обезбедување идентична имплементација на одлуката на Владата на Република Македонија со која се додадени нови производи кои подлежат на повластена стапка од 5%, наместо дотогашната стапка од 18%, Царинската управа во 2007 година изврши измена на Упатството за примена на Законот за ДДВ при царинење на стоки, со која се додаваат новите производи кои подлежат на повластена стапка од 5%, наместо на дотогашната стапка од 18%.

Во насока на поедноставување на царинските формалности и царинските постапки, Царинската управа го измени **Упаством за царински долг со што го елимираше задолжителното поднесување на оригиналниот образец ПП50 кон царинската декларација како доказ за извршена уплата на царинските и другите давачки**. Со ова се забрзува и поедноставува постапката на царинење бидејќи увозниците не губат време и пари за набавка и презентирање на писмен документ за извршена уплата на увозни давачки, а како доказ за платените увозни давачки царинските службеници добиваат податок пореку информативниот систем во електронска форма.

Во септември 2007 година Владата на Република Македонија донесе Одлука за предвремена примена на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија, од една страна и Европските заедници и нивните земји членки од друга страна во одредбите за кумулација на потекло на стоки со што е овозможено елиминирање на трошоците за увозни давачки и зголемување на конкурентноста на македонските производи произведени со репроматеријали увезени од Турција, посебно текстилни, при извозот во ЕУ.

Во насока на забрзување и олеснување на царинската постапка при увоз, на иницијатива на Царинската управа подготвен е **предлог за измена на Законот за трговија кој предвидува елиминирање на задолжителната контрола на означувањето на стоката и техничките упатства како услов за увозно царинење** (која ја врши Државниот пазарен инспекторат) и нејзино пренесување во внатрешниот промет, односно по постапката на увозно царинење. Предлогот предвидува и укинување на обврската на увозниците на електрични апарати пред постапката на увоз да доставуваат сертификат за техничка сообразност-атест (издаден од Институтот за стандардизација) пред царинскиот орган. Со предложените измени контролата на стоката од аспект на безбедност на внатршниот пазар ќе се врши после постапката на увозно царинење. Предложените измени на Законот за трговија се усвоени од страна на Владата на Република Македонија и се очекува истите да бидат донесени од страна на Собранието на Република Македонија.

Од 1-ви јануари 2008 година започнаа да се применуваат измените и дополнувањата на Законот за јавни патишта, кои се однесуваат на начинот на пресметка и наплата на надоместокот за користење на јавните патишта. Со измените, поедноставена е постапката за наплата на надоместокот (како фаза во негово целосно елиминирање) и истиот се наплаќа од царинските органи на граничните премини при излез од Република Македонија. Овој надоместок се однесува на јавните патишта во Република Македонија со исклучок на јавните патишта за чие користење се наплаќа патарина. Заради правилна и еднообразна примена на Законот за јавни патишта, а на барање на Царинската управа, Министерството за транспорт и врски во декември 2007 година изготви Инструкции за примена на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта, со кои се објаснува начинот на пресметка и наплата на надоместокот на странските возила за користење на јавните патишта.

**Во 2007 година се донесени измени и дополнувања на Законот за Царинска управа и Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, со кои е извршено целосно нивно усогласување со одредбите од Законот за прекршоци, на тој начин што Царинската управа стана надлежна за водење на прекршочна постапка по сторени царински прекршоци.**

Во декември 2007 година Царинската управа донесе **Упатство за минималните услови и начинот на определување на работниот простор каде стоката во товарни моторни возила се става на увид и се врши преглед од страна на царинските органи**, со кое за прв пат се регулира статусот на приватните царински терминали и на економските оператори им се обезбедуваат еднакви минимални услови за спроведување на царински надзор. Пред донесување на ова упатство, беше широко консултирана бизнис заедницата, а посебно постојните држатели на царински терминали.

## АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

Со цел зголемување на административниот капацитет на Царинската управа, Министерството за финансии склучи двегодишен договор (со можност за продолжување за уште дополнителни две години) со меѓународно признатата консултантска куќа за **ангажирање на царински експерти од ЕУ** за натамошното унапредување на разузнавачките активности, работата на мобилните царински тимови, анализата на ризикот, примената на современи алатки и постапки. Овие царински експерти за почнаа со работа во Царинската управа кон крајот на 2007 година.

Ангажманот на овие царински експерти предвидува избегнување дуплирање на активностите со билатералните и мултирателарни странски донатори. Во овој контекст Царинската управа во 2007 година започна со организирање координативни состаноци на донаторите на кои се презентираат заедничките проекти, напредокот и плановите. Во 2007 година се организирани два координативни состаноци на донаторите.



Во 2007 година Царинската управа со фирмата "Nuctech" од Кина потпиша **договор за набавка на четири мобилни рентген системи за контрола на камиони и контејнери.** Кон крајот на 2007 година беа испорачани првите два мобилни скенери и започна интензива обука на царинските инспектори. Скенерите треба да придонесат кон зголемување на наплатата на увозните давачки, поефикасно спречување на шверц и увоз на недозволена стока, како и забрзување на протокот на стоки.

Во октомври 2007 година Царинската управа ги презеде надлежностите од судовите за водење на прекршочни постапки, изрекување прекршочни санкции и посебни прекршочни мерки за сторен царински прекршок. Целта е побрзо и поефикасно решавање на прекршочните постапки во фунцкија на намалување на царинските прекршоци. Формирано е и делумно екипирано Одделение за прекршоци – Комисија за одлучување по прекршок и донесени се интерни акти за начинот и постапката на царинските органи при откривање на царинските прекршоци и издавање покана за плаќање глоба и платен налог, како и за формата и содржината на записникот за царински прекршок, поканата за плаќање глоба и платниот налог. Комисијата за одлучување по прекршок започна со работа во октомври 2007 година.

Врз основа на усвоена Стратегија и овластувањата од страна на Владата на Република Македонија, Царинската управа во 2007 година започна со активности за воведување на **едношалтерски систем за увозни и извозни постапки**. Во соработка со владините органи и институции, приватниот сектор и невладините оргранизации кои директно учествуваат во увозно-извнозните постапки, реализиран е висок степен на хармонизација и стандардизација на документите кои се користат во постапката увоз, извоз и транзит, како и на соодветната законска и подзаконска регулатива. Во организација на Царинската

управа набавена е потребната информатичка опрема (за сите државни органи и институции) и приведена е при крај изработката на софтверското решение. Во тек се обуки на ИТ персоналот и тестирање на софтверот. Основни ризици за навремено ставање во функција се донесување на измени во соодветните закони и обезбедување на доволен телекомуникациски капацитет.

На 31 декември 2007 година заврши со работа EU CAFAO MAK Мисијата во Република Македонија која обезбедуваше техничка помош на Царинската управа во насока на модернизирање и унапредување на царинска дејност во согласност со европските стандарди. Пред завршување на работата, ЕУ преку CAFAO MAK донираше на Царинската управа компјутерска опрема и дигитална аудио и видео опрема, како и друга ИТ опрема и пет возила.

Со цел обезбедување минимум контрола на транзитот, а врз основа на склучените Спогодби за царинска соработка и Договорите за слободна трговија, **со земјите од регионот се разменуваат царински информативни листи (ЦИЛ) за акцизни стоки**, а со Р.Бугарија на граничниот премин Дебе Баир и со Р.Србија на граничниот премин Танбановце и за сите видови на стоки. Во август 2007 година договор за размена на вакви пораки е постигнат и со Царинската служба на УНМИК, а во блиска иднина оваа размена на информативни листи за сите видови на стоки ќе се одвива и со Р.Грција на граничниот премин Богородица. Наредна фаза треба биде воведување на електронска форма на размена на овие пораки.

Во соработка со CAFAO MAK, во 2007 година изготвен е **акт за правилно постапување со привремено задржано или приведено лице.** Во актот прецизно се објаснети сите дејствија што треба да ги превземат царинските службеници на граничен премин, во внатрешна испостава и дејствија кои ги превземаат инспекторите од Секторот за контрола и истраги. Истовремено, изготвен е и **Прирачник за правилна примена на законодавството при откривање на кривични дела и царински прекршоци**.

Во декември 2007 година е инсталирана е македонска верзија на **TRACKER** системот за контрола на стоки за двојна намена и извршена е обука на вработените, со што се завршени подготовките за започнување со примена на овој систем.

Во јули 2007 година **Владата на САД на Царинската управа и донираше софистицирана опрема за детекција и идентификација на радијација, специјализирани детектори за откривање на криумчарење, метал детектори, огледала за инспекција и рачен алат**, со кои ќе се овозможи поголема ефикасност во откривање на недозволена и опасна стока. Цел на донацијата е зголемување на капацитетите и техничката опременост на Царинската управа за заштита на државната граница од можни закани од тероризам, организиран криминал и недозволена трговија.

Царинската управа во 2007 година од Европската Комисија доби **авторизација за пристап како читач до ILIAD** (подгрупа на Групацијата на европски царински лаборатории), како еден од условите за унапредување и олеснување на начинот на обезбедување на стандардизирани аналитички методи по кои се вршат анализите за царински потреби.

## Интегритет

Една од стратешките цели за создавање на високо професионален и добро обучен работен персонал се врши преку обуки и стручно оспособување на царинските работници. Во текот на 2007 година секојдневно се одржувани разни активности за стручно усовршување на царинските службеници.

> Според годишната Програма за обуки, во 2007 година реализирани се вкупно 171 (135 во 2006 година) активности во вид на обуки, семинари, работилници, презентации. На нив присуствувале вкупно 2.322 (1.509 во 2006 година) учесници од Царинската управа. Во просек секој вработен има добиено 27 часа обука и стручно оспособување или секој царински работник во текот на годината во просек потрошил 4 работни дена на обуки.

Во контекст на претходното, во март 2007 година Царинската управа донесе **Стратегија за обуки и стручно оспособување на царинските службеници**. Со Стратегијата се воспоставени основните принципи на политиката на обуки и стручно оспособување, при што посебно се истакнати улогите и одговорностите на сите учесници во процесот на обуките поврзани со процесот на европска интеграција. Предложени се нови начини и методи за изведување на обуките, како што се електронското учење и обуки за соодветни групи на учесници со примена на интерактивни методи на обука.

> Поважни обуки реализирани во 2007 година:
> - Курс за изучување на англиски во согласност со препораките на Советот на Европа и обезбедување на услови за следење на прописите на Европската унија,
> - Обука за основи на сметководство и книговодствено работење,
> - Обуки за откривање на дрога и рентгенски прегледи на товарните возила,
> - Обуки за подобрување на интегритетот, имиџот на царинските службеници и борба против корупцијата,
> - Во соработка со SNB React Асоцијацијата за соработка помеѓу носителите на права, застапниците и надлежните институции организирана е обука за идентификација на трговски марки,
> - Обука за постапка на увоз за облагородување
> - Обука за царинска вредност,
> - Работилница на тема заштита на правата од интелектуална сопственост,
> - Курс за изучување на француски јазик,
> - Обука за безбедност на контејнерски превоз,
> - Обука за откривање на радиоактивност,
> - Семинар на тема спречување на корупција,
> - Работилница за воведување на систем на внатрешна контрола за стратешко и годишно планирање,
> - Семинар за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна уптреба,
> - Обука за препознавање и откривање на фалсификувани документи,
> - Обука за редресура на кучиња за откривање на наркотици,
> - Обука за поедноставени постапки при увоз за облагородување и вршење на контрола кај иматели на одобренија.

Врз основа на Стратегијата за обуки, во април 2007 година Царинската управа донесе **Програма за електронско учење, како и годишна Програма за обуки за 2007 година**. Со електронското учење постигнат е процес на проширено учење или доставување на инструкциони можности за широко користење на ресурсите на локации кои се различни од класичните училници, згради или простории, до други училници, згради или простории со употреба на видео, аудио, компјутерска или мултимедиска комуникација или комбинација на овие со други традиционални методи на доставување.

Во 2007 година Царинската управа започна да спроведува обуки за стручно оспособување на новопримените царински работници, базирани на менторство. Во јуни 2007 година донесени се прецизни програми за основна обука за работните места “виш цариник” и “цариник”. Со овие програми детално се утврдени распоредот и темите на основните

обуки чија цел е да помогнат во стручното оспособување на нововработени царински службеници.

Во соработка и со финансиска поддршка на УСАИД Проектот за подобрување на деловното окружување, Царинската управа во 2007 година значително го подобри документациониот фонд со прирачници и публикации на СЦО и ги преведе, објави и дистрибуира до секој вработен следниве публикации: Рамка на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија, Кратко објаснување на Ревидираната Кјото конвенција и Поимникот на меѓународни царински термини.

Во февруари 2007 година донесен е **интерен акт за проверка на работните способности и процедурите за започнување на вработување со јавен оглас во Царинската управа**. Со тоа се исполнија критериумите од Конвенциите и Препораките на Меѓународна организација на трудот (МОТ), Ревидираната Аруша декларација на Советот за царинска сорботка, Законот за Царинска управа и Законот за спречување на корупција во делот на вработување, како и со ЕУ стандардите. Со овој акт Царинската управа за прв пат обезбедува еднакви можности за сите кандидати, владеење на правото, заштита на интегритетот, минимизирање на можностите за корупција и намалување на дискреционите права. Изборот и селекцијата се врши врз основа на претходно утврдени критериуми и стандарди, со проверка на работните способности во зависност од посебните услови за работното место, која ја врши посебно формирана комисија. Врз основа на овој акт, во 2007 година се спроведени постапки за вработување на 200 царински службеници.

Во мај 2007 година донесен е **интерен акт за спроведување интерен оглас за пополнување на слободни работми места во Царинската управа**. Овој начин на пополнување на слободни работни места им дава еднакви можности за напредување во кариерата на сите царински службеници кои ги исполнуваат условите за односното работно место. Постапката ја спроведува посебно форимарана комисија. На крајот на мај 2007 година објавен е прв интерен оглас според новите правила.

Економскиот факултет во Скопје и Царинската управа во 2007 година започнаа со активности за формирање на **Регионален тренинг центар на СЦО**. Економскиот факултет во Скопје и СЦО веќе потпишаа меморандум за соработка, а со поддршка од Владата на Република Македонија, до СЦО е доставена иницијативата. Во тек е подготовка на елаборат врз чија основа СЦО треба да донесе дефинитвна одлука.




Врз основа на препораките од Дијагностичката мисија на СЦО и Стратегијата за борба против корупција, Царинската управа во соработка со Амбасадата на Кралството Холандија и финансиска помош од Министерството за финансии на Холандија изработија промотивен матерјал (на повеќе јазици: македонски, албански, англиски, турски и француски јазик) кој се состои од постери, флаери и огласни табли, со цел понатамошно промовирање на отворената

телефонска линија 197 за пријавување на шверц и корупцијата на Царината. Истовремено на националната Македонска теливизија се емитуваат спотовите за отворената телефонска линија (197) со поттикнување на јавувањата на што поголем број на граѓани.

Со цел проверка и унапредување на стручните познавања, во октомври 2007 година донесена е **Оперативна инструкција за системот на оценка на работата на царинските службеници.**

Во рамки на активностите за поставување одржлив систем за спречување на корупцијата, во март 2007 година во соработока со експерти ангажирани од CAFAO MAK изработена е **студија за поставеноста на Царинска управа за справување со корупцијата** и злоупотребата на службената должност.

За поефикасно спроведување на стратешките цели за превенција и спречување на корупцијата, Царинската управа во втората половина од 2007 **година ја усвои Ревидираната Аруша декларација** (испечатена брошура, поделена и презентирана на вработените) и донесе **Стратегија за интегритет и борба против корупцијата** усогласена со духот и целта на Ревидираната Аруша декларација, како и **Акционен план со рокови за имплементација на целите на Стратегијата**.

Во октомври 2007 година Царинската управа и Синдикалната организација потпишаа **Кодекс на однесување во Царинската управа**. Во Кодексот се утврдени основни принципи на однесување и работење при извршување на работните задачи: лична одговорност, почитување на правото, непристрасност, односи со странките, подароци, награди и друг вид на корист, избегнување на судир на интереси, политички активности, однесување со работи поврзани со пари, доверливост и употреба на службени информации, употреба на средствата за работа и за легитимирање, работна средина, однесување во приватниот живот и дисциплинска одговорност.

> Во 2007 година се реализирани 10 обуки за антикорупција на кои учествувале 220 царински службеници , а истовремено е спроведена обука на обучувачи во областа на сузбивање на корупцијата

Во рамки на активностите за системско поставување на борбата против корупцијата, во 2007 година воспоставена е **евиденција на кривични предмети против сегашни и поранешни царински службеници** и **евиденција на истражни и дисциплински постапки против царински службеници**. Истовремено, воведена е пракса (која во 2008 година ќе биде преточена во пишани процедури) на **испитување на целокупното работење на вработените кај кои е утврдена злоупотреба на службена должност, покренување кривични пријави против вработените кои со злоупотреба на службената должност го оштетиле буџетот, покренување барања за обештетувања со забрана на располагање со имотот против вработените кои го оштетиле буџетот, известување на Државната комисија за спречување корупција за вработените кои треба да им поднесат анкетен лист за имотната состојба, известување на УЈП за сомневања во потеклото на имотот на вработените и објавување на имињата на вработените против кои се изречени дефинитивни казнени мерки**, но и на наградените за посебни резултати во работата.

Со цел зајакнување на меѓуинституционалната соработка за борба против корупцијата, кон крајот на 2007 година склучен е **Меморандум за соработка со Државната**

**комисија за спречување корупција, Државното јавно обвинителство, Управата за приходи, Државниот завод за ревизија, Судскиот совет, Финансиската полиција, Управата за спречување перење на пари и МВР**.

| Царинарници | Службени извештаи | |
|---|---|---|
| | 2007 | 2006 |
| Царинска управа | 2 | |
| Царинанрница Скопје | 10 | 16 |
| Царинарница Куманово | 1 | 1 |
| Царинарница Штип | 9 | 2 |
| Царинарница Битола | 6 | 2 |
| Царинарница Гевгелија | 5 | 1 |
| **Вкупно** | **33** | **22** |

Секторот за професионална одговорност во 2007 година спроведе 33 внатрешни инспекции (споредено со 22 во 2006 година) врз чија основа преземени се понатамошни постапки за отстранување на неправилностите и поведување на постапки за утврдување на одговорност за сторителите.

Во 2007 година Секторот за професионална одговорност спроведе 240 (споредено со 70 во 2006 година) внатрешни истраги врз основа на примени информации и поплаки за несоодветно спроведување на царински постапки од страна на царински работници и за злоупотреба на службената положба, при што во 87 случаи (споредено со 54 во 2006 година) подготвени се службени белешки, во 61 случај (споредено со 16 во 2006 година) подготвени се службени информации, а во 92 случаи изготвени се информации во кои е утврдена одговорност на царински работници.

| Царинарници | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Царинанрница Скопје | 65 | 23 |
| Царинарница Куманово | 29 | 17 |
| Царинарница Битола | 27 | 14 |
| Царинарница Гевгелија | 62 | 10 |
| Царинарница Штип | 57 | 7 |
| **Вкупно** | **240** | **70** |

Во 2007 година се поведени 89 дисциплински постапки (14 во 2006 година) во кои за 20 случаи е изречена парична казна (8 случаи во 2006 година), за 38 случаи е изречена казна престанок на работен однос (2 случаи во 2006 година), а во 31 случај постапка е запрена (4 случаи во 2006 година). Во оваа година во 12 случаи е изречена мерка суспензија (еден во 2006 година), во 45 случаи е изречена казна намалување на платата (7 случаи во 2006 година).

Во 2007 година Царинската управа до МВР достави 12 предмети за обезбедување докази за основаното сомнение за сторени кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување, врз основа на кои МВР досега до Јавното обвинителство поднесе 5 кривични пријави против 6 царински службеници. Во 2007 година МВР против 12 царински службеници поднесене кривични пријави за примање поткуп.

Во соработка со Финансиската полиција, до Јавното обвинителство се поднесени 4 кривични пријави против 5 царински службеници.

Во декември 2007 година Царинската управа достави до Јавното обвинителство 3 кривични пријави поради основани сомненија за сторени кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување, во кои се инволвирани 10 царински службеници.

За 39 царински службеници кои ја напуштиле Царинската управа доставени се информации до Државната комисија за спечување на корупцијата со цел да се очекува доставување на анкетен лист од нивна страна за нивната имотната состојба, а до Управата за јавни приходи од страна на Царинската управа се доставени барања за испитување на потеклото на имотот за 52 царински службеника.

Во Царинската управа функционира внатрешна ревизија која врши проценка на системите за внатрешна контрола, дава независно и објективно стручно мислење и совет за подобрување на работењето, помага во остварувањето на целите со примената на системски и дисциплиниран пристап на вреднување и подобрување на ефикасноста во процесот на управување со ризиците, контролата и раководењето. Ревизијата има за задача и да ја зајакнува финансиската дисциплина и да ја штити институцијата од неефикасно трошење на финансиските средства. Внатрешната ревизија треба да ги обесхрабрува постапките кои водат кон измама, да промовира добри практики и да проверува дали механизмите на внатрешни контроли постојат и добро функционираат. Во 2007 година извршени се 9 ревизии за кои се изработени (издадени) конечни ревизорски извештаи и за истите се дадени 31 препораки за постапување. Од нив вкупен бројот на спроведени препораки е 18, 7 делумно спроведени, а 6 неспроведени. За неспроведените е даден рок до крај на месец март наредната година.

## Организација и систем

Царинската управа во 2007 година ги извршуваше функциите од Централната управа во Скопје и петте регионални царинарници: Скопје, Куманово, Штип, Гевгелија и Битола во кои на еднообразна основа се имплементираат царинската политика, законите, одредбите, упатствата и постапките преку внатрешните и граничните царински испостави.




Во март 2007 година Царинската управа го пренесе увозното царинење од приватниот царински терминал во Гевгелија на државниот терминал на граничниот премин Богородица со Република Грција, изграден години наназад, но досега воопшто некористен. Со ова се забрза царинската постапка, се намалија трошоците на бизнисите и се намали транзитирањето на нецаринета стока низ Република Македонија.

Покрај ова, во 2007 година Царинската управа престана на работи на внатрешните царински терминали во Охрид, Миладиновци и Фени, а истовремено отвори царинска испостава во новоформираната економска зона во Бунарџик крај Скопје.

Со овие промени, на крајот на 2007 година функциите на Царинската управа се извршуваа во 37 царински испостави, од кои 18 на гранични премини (Блаце, Јажнице, Аеродром Скопје-патнички сообраќај, Меџитлија, Ќафасан, Стење, Блато, Свети Наум, Аеродром Охрид, Гевгелија (стоково и патнички), Богородица, Дојран, Табановце-автопат, Табановце-железничка станица, Пелинце, Деве Баир (стоково и патнички) и

Делчево (стоково и патнички) и Ново Село) и во 19 царински испостави во внатрешноста на Република Македонија (Скопје, Скопје-увоз, Скопје-извоз, Аеродром Скопје-стоково, Слободна зона Скопје, Пошта Скопје, Волково, Трубарево, Тетово, Куманово, Битола, Пошта Битола, Прилеп, Струга, Кавадарци, Струмица, Штип и Велес.

Со цел стандардизирање и подобрување на функционирањето на граничните премини, во ноември 2007 година Министерството за финансии и Царинската управа подготвија детален план на активности по носители и нацрт измени на Законот за царинска управа, врз чија основа Царинската управа треба да го преземе од ЈП за управување за станбен и деловен простор управувањето со објектите на граничните премини.

Во 2007 година значителен акцент беше ставен на развојот на апликативната поддршка на процестите во Царинската управа:

- Изработена е апликација за магацинско работење со што ќе се постигне поголема ефикасност во користењето и заштеда на материјалите.
- Изработен е пребарувач на вести од медиумите кој овозможува добивање на релевантни информации од домашни, регионални и светски медиуми во реално време.
- Воспоставена е детална електронска база на податоци за кривични пријави кои Царинската управа ги има доставено до Јавното обвинителство.
- Прилагоден е софтверот за евиденција на банкарските гаранции и воведен е систем за следење на гаранциите, односно нивното задолжување и раздолжување.
- Започната е имплементацијата на една компонента од проектот “Нов транзитен систем за размена на електронски пораки NTSREP”. Завршено е нејзино тестирање и воспоставена е пробна работа на сите гранични царински испостави.
- Во делот на приближување кон стандардите на системот за зедничкиот транзит на ЕУ, унапреден е националниот домен за транзит, со миграција на податоците за евиденција на излез на стоки од Република Македонија во постапката на транзит и извоз, од старата платформа на база на податоци Informix, во нова централна база на податоци на Oracle платформа.
- Во август 2007 година започна реализација на повеќе активности поврзани со реорганизација на царинската мрежа, преку редефинирање на пристапот на корисниците, посебно на шпедитерите до царинскиот информативен систем. Новиот дизајн на мрежата обезбедува побрз и посигурен трансфер на податоците од ЦИС.

  Во дел на информатичко комуникациски технологии, изработени се и имплементирани апликации client-server ориентирани, а при нивната изработка е користен MS Access, MS SQL и MS Visual Basic for Application. Истите служат за водење евиденција на дисциплински постапки, евиденција на кривични пријави и евиденција на запленети средства.
- Во соработка со USAID започната е изработка на систем за менаџирање на постапката на увоз за облагородување.
- Во рамки на соработка со Дирекцијата за спречување на перење на пари, Царинската управа започна со изработка на софтвер за размена на податоци за ефективните странски пари пријавени при влез односно излез од Република Македонија.

Покрај претходно наведените активности во оваа област, во тек се и подговотвки на софтвери и организација за електронско прибирање, следење и анализирање на: а) наплатата на увозните давачки (по организациони делови, видови на приходи и тарифни ставки); б) квантитативни податоци за работата на царинските служби на граничните премини и внатрешните организациони единици (промет на полни и празни моторни товарни возила, патнички возила, физички лица, извршени детални прегледи, утврдени

прекршоци итн); в) квантитативни податоци и фотографски и видео записи на запленети и задржани стоки и процедуралниот статус; г) поврзување на базите на податоци за покренати кривични, прекршочни и дисциплински постапки спрема внатрешни надворешни лица, како една од основите за анализа на ризикот.

Со цел зголемување на ефикасноста во спроведување на набавките, на почеток на 2007 година Царинската управа донесе **Упатство за вршење мали набавки**.

**Транспарентност**

Во мај 2007 година на интернет страната на Царинската управа е воведен дел во кој се објавуваат предлозите за нови упатства и насоки, со цел да се овозможи пошироката јавност да даде свои мислења и сугестии пред донесувањето на упатствата и насоките со кои подетално се уредува начинот на спроведување на царинските формалности.

Во истиот месец, Царинската управа го стави во функција албанскиот дел од интернет страницата на Царинската управа, при што се дефинирани начините за публикување на содржините, посебно во делот од царинската легислатива. Со ова, содржините на интернет страната на Царинската управа станаа јавно достапни и на албански јазик.

Со цел зголемување на внатрешната транспарентност во работењето, во 2007 година е **изработен и промовиран интернет портал на Царинската управа**, на кој започна интензивно објавување на податоци и информации од интерен карактер.

Со цел да се олесни спроведувањето на царинската постапка како за царинските работници, така и за останатите учесници во меѓународната трговија, за правилното утврдување на царинските давачки и спроведување на нетарифните мерки, Царинската управа на изготви **Водич за царинење на стоки за 2008 година** во кој се интегрирани Законот за царинска тарифа, Одлуката за менување и дополнување на Царинската тарифа, Одлуката за форми на извоз и увоз, преференцијалните царински стапки согласно договорите за слободна трговија и другите нетарифни мерки. Водичот е бесплатно достапен на интернет страницата на Царинската управа.

Во согласност со мерките на Владата на Република Македонија за зголемување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции, Царинската управа подготви **Граѓански дневник во кој се опишани сите услуги, начинот на нивното добивање и контакт лицата од Царинската управа**, кој треба да биде објавен на WEB страница како услуги на Владата на Република Мекедонија.

## ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА

Со цел осознавање на потешкотиите и изнаоѓање решенија за олеснување на трговијата, Царинската управа во 2007 година интензивно комуницираше со бизнис заедницата и ја консултираше пред донесување на било какви системски одлуки во надлежност на Царинската управа.

На **редовни состаноци на Царинско-шпедитерскиот Комитет** (на државно и регионално ниво) **и со стопанските комори** (пред се текстилниот кластер) се разгледуваа предлози за надминување на одредени состојби и отворени прашања, во како што се продолжување на работно време на царинските испостави, унифицирање на царинските постапки, проширување на можноста за царинење на товарни возила и техничка стока, намалување на трошоците при работењето, подобрување на администрирањето на банкарските гаранции, забрзување на постапката на царинење, подобрување на информирањето итн. Редовни беа и билатералните контакти со бизнис заедницата, а редовно се одговараше на прашања поставени преку интернет страната на царинската управа, прашања по писмен и телефонски пат, а беа организирани и преземтации и конференции.

Во првата половина од 2007 година Царинската управа, согласно Цринскиот закон, донесе **Прогарама и организираше обука и полагање на стручен испит за вршење работи на застапување во царинските работи**. Стручниот испит го положија и им беше издадена лиценца на 38 кандидати.

Во врска со препораките од Европската Комисија, кон крајот на 2006 година на граничниот премин Табановце со Србија со царинската служба на Србија е спроведен **проект"Laufzettel" за мерење на времетраењето на процедурите за поминување на границите**. Во 2007 година вакви проекти се спроведени и со царинската служба на на Грција на граничниот премин Богородица и царинската служба на УНМИК на граничниот премин Блаце. Резултатите од спроведените мерења укажуваат на глобални места кои вијаат врз времетраењето, не даваат конкретни оперативни насоки за елиминирање на недостатоците. Потребно е ново мерење.

Во јули 2007 година Царинската управа, во соработка и финансирање од страна на Агенцијата на САД за трговија и развој, започна со **пилот проект за создавање на единствен регионален информатички систем за царинските служби на Македонија, Србија и Бугарија** за размена на информации за олеснето движење на стока преку одредени гранични премини. Во пилот проектот се предвидува учество на мали и средни претпријатија, стопански комори и други надлежни служби кои се присутни на граничните премини на државите кои се учеснички во проектот.

Со цел олеснување и поедноставување на граничните формалности и долж Коридорот 8 (Mezzogiorno – Balkan Area Customs Project), потпишан е **Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за економски развој на Република Италија** (во проектот се вклучени и Албанија и Бугарија). Реализацијата е во тек.

Кон крајот на 2007 година започна реализацијата на вториот **Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - TTFSE II**, помеѓу Светската банка и Република Македонија. Со проектот е предвидено подобрување на терминалот на

граничен премин Блаце преку отстранување на привремените објекти и изградба на постојани објекти, како и преку изградба на дополнителни патни ленти. Покрај тоа, предвидено е и подобрување на системот за телекомуникации долж железничките пруги на транс европскиот коридор 10 и воведување на компатибилен софтвер за обработка на товарните железнички пратки за железница и царина, вклучувајќи инсталација на железнички систем за комуникации и решение за електронска размена на податоци со кое се усогласува софтверот за обработка на податоци помеѓу Царинската управа и Македонски Железници, надградба на компјутерскиот хардвер и софтвер за системите на информатичка технологија во царината и железниците.

Во текот на 2007 година, Царинската управа на 22 компании им издаде одобренија за вршење работи на застапување во царински работи. Истовремено 20 иматели на вакви одобренија беа опоменати за несоодветно постапување при вршењето на работите на застапување. Согласно законските обврски, Царинската управа кон крајот на 2007 година формираше Комисија за одлучување по предлози за одземање лиценци и одобренија за вршење работи на застапување во царински работи. Активнстите на оваа Комисија се очекува да добијат на интензитет во 2008 година.

Во надлежност на Царинската управа е и издавање на одобренија за постапки со економски ефект: увоз за облагородување, царинско складирање, привремен увоз, преработка под царинска контрола и извоз за облагородување.

После 250-те одобренија за увоз за облагородување со систем на одложено плаќање на давачките издадени во 2006 година, во 2007 година Царинската управа издаде 226 нови одбренија за увоз. Истовремено, во 2007 година се издадени 6 (споредено со 15 во 2006 година) одобренија за увоз за облагородување со систем на враќање на давачките, 6 одобренија за извоз за облагородување (споредено со 2 во 2006 година), едно одобрение за преработка под царинска контрола и 12 одобренија за царинско складирање (споредено со 55 во 2006 година).

Во 2007 година Царинската управа продолжи со издавање на одобренија за поедноставени постапки, при што се издадени 8 одобренија за овластен примач (споредено со 6 во 2006 година), 27 одобренија за локално царинење (споредено со 18 во 2006 година) и 14 одобренија за поедноставено декларирање (споредено со 14 во 2006 година).

Службите на Царинската управа за надзор на иматели на одобренија од претходно наведените видови во 2007 година извршија 316 контроли кај иматели на одобренија за увоз за облагородување и царинско складирање, при што изготвени се 199 записници за царински прекршоци, од кои во 50 случаи се изречени прекршочни казни. За констатираните неправилности во 4 случаи е изречена мерка одземање на одобрение за увоз за облагородување и во 2 случаи одземање на одобренија за царинско складирање.

Во 2007 година Царинската управа издаде 99 задолжителни тарифни информации (ЗТИ), чиј број е повеќе од двојно зголемен од 2006 година кога беа издадени 42 ЗТИ. Голем број на ЗТИ се издадени за компјутерска опрема (поради намалувањето на стапката на ДДВ кај одредени производи), за употребувани специјални возила (поради хомологацијата), како и за сокови и концентрати од сокови за индустриско производство (поради разликата во царински стапки).

Кон крајот на 2007 година беше издадено и првото одобрение за одобрен извозник со кое одобрение извозниците можат во целост да ги користат погодностите од поедноставените постапки при извоз. Со ова одобрение извозникот може на самата фактура да го декларира потеклото и за пратки со вредност повисока од 6.000,00 евра, наместо како досега да бара да му се издаде уверение за движење ЕУР 1.

Во 2007 година врз основа на Законот за животна средина е воведен надоместок кој се наплатува при увоз на производи за широка потрошувачка кои се пакувани во пластична амбалажа со цел дестимулирање на користење на овој вид на амбалажа.

Според Монтреалскиот протокол во 2007 воведена е забрана за увоз на употребувани фрижидери, замрзнувачи или други уреди за ладење и замрзнување кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка.

Во 2007 година се извршени 234 лабораториски испитувања, односно 100 испитувања повеќе во однос на 2006 година кога беа извршени 134 лабораториски испитувања. Лабораториските анализи се вршат во соодветни лаборатории и институти во Република Македонија и во странски царински лаборатории. Најчесто предмет на анализа се акцизни стоки од петрохемиската индустрија, хемиска индустрија, млечни производи, масти и масла и нивни мешавини, фолии од пластични маси и др.

Во 2007 година се процесирани вкупно 420,08 илјади царински декларации, што е за 11,89% повеќе во однос на 2006 година. Во рамки на вкупно процесираните царински декларации, обработени се 248,94 илјади увозни царински декларации, што е за 17,87% повеќе во однос на 2006 година кога беа процесирани 211,02 илјади увозни царински декларации. Во 2007 година се процесирани 171,14 илјади извозни царински декларации, што е за 4,09% повеќе во однос на 2006 година.

Вкупно обработени царински декларации (ЕЦД)

| Царинарница | 2007 | | 2006 | | 2007/ 2006 |
|---|---|---|---|---|---|
| | ЕЦД во 000 | % | УЦД во 000 | % | % |
| Скопје | 219,56 | 52,27 | 196,70 | 52,39 | 111,62 |
| Куманово | 28,68 | 6,83 | 27,35 | 7,28 | 104,86 |
| Штип | 55,53 | 13,22 | 50,73 | 13,51 | 109,46 |
| Гевгелија | 79,51 | 18,93 | 64,50 | 17,18 | 123,27 |
| Битола | 36,80 | 8,76 | 36,15 | 9,63 | 101,80 |
| Вкупно | 420,08 | | 375,43 | | 111,89 |

Доминантно учество во вкупно процесираните царински декларации има Царинарница Скопје со 52,27%, по која следат Царинарница Гевгелија со 18,93%, Царинарница Штип со 13,22%, Царинанрица Битола со 8,78% и Царинарница Куманово со 6,83%. Царинарница Скопје доминира и во увозното царинење со 58,85% во вкупно обработените увозни царински декларации, по која лседат Царинарница Гевгелија со 14,99% и Царинарница Штип со 12,07%. Доминацијата на Царинанрница Скопје е помалку изразена во извозното царинење (45,61% од вкупно обработените извозни царински декларации). Следи Царинарница Гевгелија со 24,65% и Царинарница Штип со 14,89%.

Обработени увозни царински декларации (УЦД)

| Царинарница | 2007 | | 2006 | | 2007/ 2006 |
|---|---|---|---|---|---|
| | УЦД во 000 | % | УЦД во 000 | % | % |
| Скопје | 141,51 | 56,85 | 117,67 | 55,76 | 120,26 |
| Куманово | 20,71 | 8,32 | 19,02 | 9,01 | 108,89 |
| Штип | 30,04 | 12,07 | 27,27 | 12,92 | 110,16 |
| Гевгелија | 37,32 | 14,99 | 29,72 | 14,08 | 125,57 |
| Битола | 19,36 | 7,78 | 17,34 | 8,22 | 111,65 |
| Вкупно | 248,94 | | 211,02 | | 117,97 |

Во 2007 година узвозот и извозот во патниот транспорт со 90,48% од вкупно обработените царински декларации го задржаа истото доминантно. Не битни промени во обработените декларации ниту во железничкиот, поштенскиот и авио транспортот.

| Обработени ЕЦД според видот на транспорт | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Транспорт | 2007 | | 2006 | | 2007/ 2006 |
| | УЦД во 000 | % | УЦД во 000 | % | % |
| Патен транспорт | 380,02 | 90,46 | 339,28 | 90,37 | 112,01 |
| Железнички транспорт | 18,41 | 4,38 | 17,68 | 4,71 | 104,13 |
| Поштенски транспорт | 2,10 | 0,50 | 2,22 | 0,59 | 94,59 |
| Авио транспорт | 19,55 | 4,65 | 16,25 | 4,33 | 120,31 |
| Вкупно | 420,08 | | 375,43 | | 111,89 |

Во рамки на меѓународната царинска соработка, Царинската управа во 2007 година испрати 153 барања за проверка на фактурната вредност и 220 барања за проверка на доказите за потекло. Во 2006 година се испратени 83 барања за проверка на фактурната вредност и 217 барања за проверка на доказите за потекло.

Во вкупната структура на увозот во 2007 година најголемо учество имаат следниве производи: сурова нафта, руди на никел, топло валани ленти, камен јаглен, руди на манган, слабови, мрк јаглен, приоден гас, бел шеќер и суров шеќер за рафинирање, брашно од пченица, а при извоз најголемо учество имаат портланд цемент, топло валани производи од железо и челик, плочи од гипс картон, феро никел, јаболки, цевки, ѕидарски тули, гасни масла, руди на цинк и концентрати, пијачки, лубеници, феро силикон манган, руди на олово.

Во 2007 година границите на Република Македонија ги поминаа 550 илјади товарни моторни возила, што е за 11% повеќе во однос на 2006 година кога поминале 496 илјади товарни моторни возила.

## ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Царинските контроли се вршат на основа на прибирање на информации, нивно класифицирање, обработување и анализирање, за да се дојде до оперативна или стратешка информација, по која понатаму се превземаат активности за истражување и откривање на нелегални дејствија.

Во 2007 година продолжи **унапредувањето на системот на анализа на ризик** и изготвување на критериуми за селектирање по увозник, извозник, вид на стока, вредност, превозно средство и друго. Исто така, е развиен и профил на ризик за криумчарење на дроги кој се применува на граничните премини. Унапредувањето на системот на селективност се одвиваше и преку ревидирање на постоечките критериуми за стокови царински испостави. На почетокот на 2007 година е развиен профил на ризик за повреда на правото на интелектуална сопственост за граничните премини. Изработен е и имплементиран критериум за повреда на правото на интелектуална сопственост и за стоковите испостави врз основа на земја на потекло, фирма увозник и тарифна ознака за досегашните откриени фалсификувани стоки.

Во 2007 година **изработен е пребарувач на вести од медиумите**. За пребарувачот е употребен софтвер преку кој во реално време се добиваат сите вести во моментот кога ќе бидат објавени на медиумските web страници. На овој начин Царинската управа ги добива сите релевантни информации објавени во домашните, регионалните и светските медиуми во реално време.

Отворената царинска линија (197) е еден од начинте на прибирање на информации за разни неправилности. Истата спаѓа во редот на подобрите системи при што секој повик се регистрира и снима. **Во 2007 година регистрирани се околу 80.000 повици или во просек 219 дневно**, од кои 421 со корисна содржина. Од овие 421 повици, за 51 беше потребна неодложна акција од страна на надлежната царинска испостава или од мобилните екипи и по кои се преземени итни активности. За 80 повици беше потребно понатамошно испитување од страна на другите одделенија во Секторот за контрола и истраги пред да се преземе акција, 32 повици беа пофалби и сугестии од граѓани, а 290 повици се однесуваа на жалби за коруптивно и непрофесионално работење на царински работници.

Бројот на пријавувања на шверц изнесува 131 и бележи мал пад од 10 % кој првенствено се должи на намалување на бројот на пријави за шверц од границата на делот спрема Бугарија, односно воведувањето на визниот режим. Процентот на реализирани заплени од повиците за пријавување на шверц изнесува 17 % што е пораст од 2 % споредено со лани. Одреден број повици сеуште се под оперативна обработка и се очекува натамошна акција. Во делот на пријавувања за коруптивно и непрофесионално однесување има зголемен број на пријави и дел од нив завршија со дисциплински мерки.

Дел од разузнавачките активностите е и воспоставувањето на соработка со другите органи на прогон и агенции во Република Македонија како што се Дежурниот центар за состојби при Бирото за јавна безбедност на МВР и Републичката сообраќајна полиција. Во поглед на соработката со МВР, поточно со граничната полиција, во 2007 година испратени се 510 барања за проверки и споредено со 2006 година кога биле испратени 157 барања, интензитетот на соработката бележи трикратно зголемено ниво.




Царинската управа во 2007 година максимално ги мобилизира капацитетите за детекција на радиоактивни извори. Во 2007 година **Царинската управа детектираше 9 случаи на зголемено ниво на радиоактивно зрачење, од кои во 5 случаи имаше директна опасност по здравјето на луѓето и околината** и во кои во координација со Дирекцијата за радијациона сигурност се преземени мерки за отстранување на штетните последици. Заради зголемување на безбедноста и навремено регистрирање радиоактивни извори при влез, на граничниот премин Блаце е монтиран панел детектор за детекција на јонизирачко зрачење.

Во 2007 година е набавен **Систем за пренесување на разузнавачки пораки за внатрешна употреба (SEMS)** и е започнато негово тестирање. Системот е инсталиран на граничните премини Деве Баир, Табановце автопат, Аеродром Скопје и во Одделението за координација и комуникација.

Во 2007 година е обезбедена значителна ИТ поддршка на активностите за спречување нелегална трговија:
- воведен Бордер систем за транзитни активности
- воспоставена електронска разузнавачка база на податоци
- воспоставена база на податоци за влез-излез на празни товарни моторни возила
- воспоставена база за евидентирање на влез,излез и транзит на цигари
  се воведува СЕМС - систем за пораки во Југоисточна Европа кој софтвер е дизајниран со цел да се користи за регионални царински разузнавачки податоци (во моментот истиот е во тест фаза за користење на национално ниво.Софтверот е криптиран)
- воведен Miser-систем со кој раководителите имаат контрола над извршителите на локално ниво
- воспоставена OPEN база за евидентирање на повици на отворената линија 197
- воспоставена, оружје и девизи

Во 2007 година Царинската управа ги координираше и организираше на национално ниво меѓународните операции **SHADOW 2** следење на транспорти со цигари, Вежба за контролирана испорака на дрога, Меѓународна операција **ЛОГО** борба против трговија со синтетички дроги, Операција **АТАМАН** борба против трговија со дрога во поштенски пратки и **CONTAIMENT 6** борба против трговија со хероин.

Подготвен е стратешки разузнавачки извештај за дрога кој е дистрибуиран и објавен на интранет страната на Царинската управа.

При спроведувањето на контролите, царинските службеници ја користат опремата и други алатки добиени како донација од Канцеларија за царинска и фискална помош на Македонија (CAFAO-MAK), финансирана од Европската унија преку CARDS програмата, од Владата на Соединетите Американски Држави (мобилни рентген апарати, бустери и фиберскопи) и од други билатерални донатори. Од горе наведените податоци јасно се гледа дека со користењето на оваа современа опрема се подобрува и ефикасноста при спроведувањето на контролите.

Во своите активности за спречување на нелегалната трговија Царинската управува тесно соработува со граничната полиција, МВР, Финансиска полиција, Управата за спречување на перење пари, Управата за јавни приходи, Дирекцијата за ветеринарство, Дирекцијата за храна, Дирекцијата за радијациска сигурност.

Во 2007 година се реализирани специјализирани обуки кои се во функција на подобрување на капацитетот за справување со организираниот криминал:
- методи на спроведување и приведување на лица
- фалсификување на исправи реализирана во Полициската академија
- основи на сметководство
- обука за организиран криминал и корупција, реализирана во Академијата за јавни обвинители и судии
- обука за контејнерски превоз и безбедност на контејнерскиот превоз-прекугранична соработка во сузбивање на трговија со луѓе, кримчарење на мигранти и на дрога
- обука за безбедност при вршење на контрола
- обука за тајно следење
- обука за употреба на мобилни рентген возила и скенери
- обука за препознавање на дрога и психотропни супстанци
- обука за пролиферација на оружје за масовно уништување
- обука за препознавање на стока за двојна намена,

Посебно активни во овој период беа регионалните служби на Царинската управа за надзор на иматели на одобренија со економски ефект. Покрај активностите за издавање одобренија, овие служби извршија контрола на имателите на одобренија за држење јавни царински складови, при што констатираа голем број неправилности и се поднесени прекршочни пријави, извршена е наплата на царински долг за царинска стока која иако требало, не била во јавните царински складишта, а на еден имател на одобрение истото му е одземено. Во овој период одземено е и едно одобрение за увоз за облагородување.

Со цел обезбедување меѓуинституционална и меѓународна логиситака во активностите за спречување нелегална трговија, Царинската управа во 2007 година воспостави и ја унапреди соработката со повеќе домашни и странски инситуции:
- Меморандум за соработка со Финансиска полиција,
- Протокол за соработка во спречување на организиран и други видови финансиски криминал во Република Македонија меѓу Царинската управа, УЈП, Финасиска полиција и Управата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам,
- Меморандум за соработка во откривање и гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата со Јавното обвинителство, МВР, УЈП, Финасиската полиција и Управата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам,

На 22-ри и 23-ти ноември 2007 година во Охрид, во организација на Царинската управа на Република Македонија, се одржа Третата регионална конференција на службите за контроли и истраги со учество на претставници од царинските управи на Албанија, Македонија, Србија, Словенија, Хрватска и УНМИК, како и претставници на КАФАО-МАК Мисијата во Република Македонија. На конференцијата учествуваа со свои презентации и претставници од две тутунски компании Imperial Tobacco и British и American Tobacco. Целта на конференцијата беше продлабочување на соработката и размена на податоци на регионално ниво како предуслов за зајакнување на борба против криумчарење на стоки и организиран криминал во регионот.

- Меморандум за соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Меморандум за соработка со Министерство за здравство - Дирекција за храна,
- Меморандум за соработка со Дирекција за радијациона сигурност,
- Меморандум за разбирање со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Меморандуми за соработка со ЈП за аеродромски услуги,
- Меморандум за соработка со Македонски авиотранспорт,
- Меморандум за соработка со Croatia Airlines.
- Меморандум за соработка со тутунски производители и дистрибутери како што се Тутунски Комбинат Скопје кој е членка на групацијата Империјал Тобако Груп, Japan Tobacco International, British American Tobacco,
- Спогодба за царинска соработка меѓу Република Македонија и Република Словачка,
- Спогодба меѓу Република Македонија и Украина за соработка за царински работи,
- Интензивирана е соработката со ОЛАФ - Европската канцеларија за борба против измами особено со Директоратот за царински истраги и оперативната група за цигари, зголемена е размената на информации и податоци за увоз, извоз и транзит на цигари.
- Интензивирана е соработка со СЕКИ особено во делот на учество на сите меѓународни операции и размена на информации за заплени како и други разузнавачки информации,
- Интензивирана е соработка со РИЛО во рамките на Светската царинска организација со внесување на податоци во CEN базата на податоци како што се 260 предмети за заплени на девизи во 2007 година и 60 предмети во 2006 година. Врз основа на овој податок Република Македонија е на седмо место во светот по бројот на заплени на девизи согласно последниот извештај на SEZAM на RILO.Започнато е активно користење на CEN базата на податоци заради утврдување на ризични трендови при што е изработен стратешки разузнавачки извештај за дрога,
- Воспоставена соработка со ZKA Балкан Инфо за размена на податоци за заплена на дрога и податоци за потенцијално криумчарење на дрога,
- Воспоставени системи за автоматско превземање на податоците од Централниот регистар за правни лица како и од Централниот депозитар - податоци за плаќање кои ги превзема софтверот за наплата,
- Во завршна фаза е проектот со Управата за спречување на перење на пари за добивање на податоци по автоматизам за влез-излез на девизи, монетарно злато, девизни прекршоци како и увозно-извозни постапки,
  Обезбеден ограничен пристап до базата на податоци за правни лица на УЈП,
- Воспоставена размена на информации со Дежурниот центар за состојби на МВР на дневна основа, а добивањето на податоци од Дранична полиција се мери во часови,
- Воспоставена пракса на информирање на странските царински и други служби за резултатите и меѓународно гонење до целосно комплетирање на случаите,
- Воспоставена соработка и редовни состаноци со Биро за лекови и Јавните обвинителства.

Активностите и мерки за јакнење на капацитетот и интензивната ангажираност на Царинската управа резултираа со значителни количини на запленета стока и кривични и прекршочни пријави.

## Наркотици

549,15 килограми опојни дроги, од кои:




***486,7 килограми кокаин**, запленет на граничниот премин Блаце сокриена во канти со боја во камион со македонски регистерски таблици кој требаше да транзитира со крајна дестинација во  Грција*



***46,65 килограми хероин**, од кои 4,65 килорами во автобус на граничниот премин со Грција - Богородица,  9,5  килограми во товарно моторно возило на грани;ниот премин  со Бугарија - Делчево и 32,5 килограми во товарно моторно возило на граничниот премин со Бугарија - Деве Баир*




***15,8 килограми марихуана**, во заедничка акција со полиција која беше скриена во фабрички шуплини на патничко моторно возило мала количина во DHL  пратка.*

**Оружје**

*95 парчиња пиштоли и пушки и 29.110 парчиња муниција*



## Акцизни стоки

*21,7 милиони парчиња цигари, како и помали количини пури, домашно обработен тутун и тутун за виткање*




*1.600 литри алкохолни пијалоци*

*37,5 тони петролеј, дизел гориво и моторни масла*




## Странски парични средства во готово

*900.000 евра во различни странски валути*




## Лекови и медицински материјал

*11.959 парчиња разни лекови лекови*
*102.000 парчиња хрурушки помагала*
*137.000 парчиња ханзапласт*
*1.350 парчиња тестери за мерење шеќер во крв*
*7.200 парчиња ропломери*
*3.000 парчиња вијагра*
*6.195 шишиња масло за како помошно лековито средство*



### Земјоделски и прехранбени производи



*30.000 кг. смрзнато говедско месо*
*25.000 кг. компот*
*23.500 кг. кромид*
*19.000 кг. хербициди 470 кгр пестициди*
*2.300 кг. сувомеснати производи*
*4.620 парчиња садници*
*1.635 пакувања режан цвет*
*Разни количини чај, зачини, замрзната риба, нес кафе*
*Жива стока (55 јуниња и 6 телиња), 152 егзотични птици, пчели и др.*

### Друга стока





*475.300 парчиња облека*
*201.520 парчиња козметички препарати*
*120.000 парчиња техничка стока (електричен алат, разни машини, апарати за домакинство и др)*
*690 кгр цемент*
*384 парчиња боја и лак за чевли*
*17.347 кгр лепак*
*535 филмови за фотографирање*
*2.386 парчиња самолепливи траки, ролни и селотејп*
*65.000 најлонски кеси*
*4.623 парчиња кујнски прибор*
*741 парчиња гумени црева*
*562 парчиња градежна столарија*
*320 м² ламперија и паркет*
*73.000 обувки,*
*60.000 парчиња парфеми и тоалетни води*
*89.000 парчиња делови за мобилни телефони*
*2.800 парчиња автомобилски и камионски гуми*
*5.960 гр злато*
*330 гр сребро*
*13.777 парчиња разновидана бижутерија и имитација на накит*
*45 парчиња икони*
*1.200 тони манганова руда*
*184 тони кокс*

Во 2007 година Царинската управа објави 5 јавни лицитации и 5 продажби по пат на прибирање на понуди на стока која е одземена или отстапена во корист на државата. Најголем дел од продадените стоки се облека и машини за текстилна индустрија.

Во иститo период Владата на Република Македонија донесе се 62 решенија за бесплатно отстапување на запленета стока на државни органи и хуманитарни организации, пред се облека, обувки, техничка стока и друго.

Стоките кои не можат да се продадат или бесплатно отстапат се уништуваат согласно царинските прописи. Во 2007 година уништени се 20 милиони парчиња цигари, 60 парчиња гранати, поголема количина на петарди, 1.300 литри алкохолни пијалоци и 3.700 кг, разна стока (козметика, храна, лекови со изминат рок на употреба).

Царинската управа во 2007 година до Јавното обвинителство поднесе 167 пријави за сторено кривично дело (во 2006 година се поднесени 86 пријави) против 70 правни лица (28 во 2006 година) и 146 физички лица (130 во 2006 година), од кои:

| | | |
|---|---|---|
| Даночно затајување | 7 | 10 |
| Царинска измама | 19 | 53 |
| Криумчарење | 16 | 34 |
| Фалсификување на исправи | 3 | 6 |
| Употреба на исправа со невистинита содржина | | 1 |
| Шверц на акцизни стоки | 25 | 57 |
| Неовластено производство и пиштање во промет на наркотични droги | 6 | 3 |
| Неовластено изработување, држење и тргување со оружје | 2 | 1 |
| Недозволена трговија | | 2 |
| Неовластено производство и промет со општоопасни материи | 6 | |
| Спречување службено лице во вршење на службени дејствија | 1 | |
| Транспорт со акизни стоки од акцизен склад | 1 | |

За горенаведените кривични дела вредноста на избегнатите царински давачки изнесуваат 107,7 милиони денари (288,2 милиони денари во 2006 година, од кои само во еден случај, во декември 2006 година, околу 270 милиони денари).

Интергален дел од Секторот за контрола и истраги е Службата за мобилни тимови чија основна активност е борба против организираниот криминал. Седиштето на овие тимови е во Скопје, но тие го покриваат целото царинско подрачје на Република Македонија. Во 2007 година од страна на мобилните тиммови извршени се детални прегледи на 4.391 товарни моторни возила (споредено 1.119 во 2006 година) и 633 автобуси (672 во 2006 година), и 6.378 патнички моторни возила (1.901 во 2006 година).

Како што е понапред кажано, согласно Законот за прекршоци и врз негова основа донесените измени на Законот за Царинска управа во октомври 2007 година Царинската управа ги презеде надлежностите од судовите за водење на прекршочни постапки, изрекување прекршочни санкции и посебни прекршочни мерки за сторен царински прекршок. Целта е побрзо и поефикасно решавање на прекршочните постапки во фунцкија на намалување на царинските прекршоци. Формирано е Одделение за прекршоци – Комисија за одлучување по прекршок и донесени се интерни акти за начинот и постапката на царинските органи при откривање на царинските прекршоци и издавање покана за плаќање глоба и платен налог, како и за формата и содржината на записникот за царински прекршок, поканата за плаќање глоба и платниот налог. Во периодот од 01.10.2007 до 31.12.2007 година Царинската управа иницирани се 754 прекршочни пријави од кои:

- 116 прекршочни пријави поднесени од страна на МВР за незаконско управување возила со странски регистарски таблички,
- 52 прекршочни пријави поднесени од страна на Секторот за контрола и истраги,
- 531 прекршочни пријави поднесени од страна на царинските испостави,

- 40 прекршочни пријави поднесени од страна на службите за надзор на иматели на одобренија и
- 15 прекршоци вратени основни судови кои со решенија се огласуваат за стварно ненадлежни.

До крајот на 2007 година решени се 176 предмети, од кои 40 предмети во итна постапка, и 136 предмети во редовна постапка, при што се изречени глоби во вкупен износ од 6 милиони денари.

Во текот на 2007 година обработени се 4.874 управни предмети, од кои 4.724 се решени. Од овие предмети 2.350 се по основ за дополнителна наплата на увозни давачки во вкупен износ од околу 500 милиони денари.

## ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Царинската управа во 2007 година ги интензивираше активностите за обезбедување на правилна примена на мерките на трговската политика поврзана со јавниот морал, безбедноста, зачувањето на здравјето на луѓето, животните и растенијата, заштита на животната средина и природата, заштита на националното богатство со уметничка, историска или археолошка вредност и заштита на интелектуалната сопственост.

Во продолжение на системските решенија за заштита на правата од интелектуална сопственост донесени во 2006 година, Царинската управа во 2007 година, покрај другото, изработи нов критериум за ризик за внатрешни царински испостави - INTEL кој се однесува на стока која го повредува правото од интелектуална сопственост. Лоцирани се фирмите увознички кај кои била откриена стока која го повредува правото од интелектуална сопственост, како и видот на стоката која е одземена и уништена. Фирмите и тарифните ознаки се внесени во листата IPR во модулот на селективност во програмата ASYCUDA. Направен е програмски код и извршено е тестирање на истиот во однос на погаѓање на декларации на тест серверот.

Некои заштитени брендови кај Царинска управа

L'Oreal
Dolce & Gabbana
Gianni Versace
Hugo Boss
Adidas
Dior
Diesel
Nivea
Nokia
Chanel
Puma
Reeboc
Gucci
Lacoste
Marlboro
Kenzo
Canon
Estee Lauder
Davidoff
Zippo
Epson
Sony Ericcson
Winston
Sprite
BIS

Во делот од активностите за зајакнување на административниот капацитет за заштита на правата од интелектуална сопстевност, во соработка со Царинската управа на Франција во јануари 2007 година беше организиран семинар за интелектуална сопственост.

Во јануари 2007 година во соработка со Асоцијацијата на носители на права и застапници – SNB REACT, како и во соработка со Холандската царина беа одржани 11 презентации на претставници на познати светски брендови и повеќе семинари за заштита на правата од интелектуална сопственост.

На 26.01.2007 година Царинската управа организираше форум на тема Стоп за фалсификатите и пиратеријата, по повод одбележувањето на светскиот царински ден, на кој се доделија три плакети на најактивните застапници.

Кон крајот на 2007 година, во соработка и со финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија, Царинската управа започна со организација на јавна медиумска кампања за запознавање на јавноста со економските, општествените и здравствените штети до производството, дистрибуцијата и употреба на фалсификати и пиратерија, како и за барање поддршка од јавноста за откривање обиди за трговија со вакви производи.

Во 2007 година 146 странски и домашни компании регистрираа кај Царинската управа барања за преземање царински дејства за заштита на нивните права од интелектуална сопственост ( во 2006 година се регистрирани 43).

Царинската управа во 2007 година во 325 случаи спречи повреда на право од интелектуална сопственост (46 споредено во 2006 година) од кои 144 случаи пријавени при увоз (28 во 2006 година), 177 при транзит (18 во 2006 година), 3 при извоз и 1 во постапка на царинско складирање, при што, привремено се задржани 1,6 милиони парчиња фалсификувана стока (0,07 милиони парчиња во 2006 година), и тоа:

*77.082 илјади парчиња козметички препарати, односно 4,8 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*




*113.242 илјади парчиња парфеми, тоалетни води и дезодоранси, односно 7,1 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*




*47.316 илјади парчиња прибор за мобилни телефони, односно 3 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*




*249.459 илјади парчиња облека, односно 15,4 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*



*3.572 илјади парчиња спортска опрема, односно 0,2 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*



*37.069 илјади парчиња спортски обувки, односно 2,3 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*




*21.488 илјади парчиња очила за сонце, односно 1,3 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*




*150.528 парчиња паста за заби, односно 9,3 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*



*126.286 парчиња делови за автомобили, односно 7,8 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*




*786.254 тони други стоки, односно 48,8 % од вкупно запленетите фалсификувани стоки*



Според декларираните документи, најголем број од фалсификуваната стока доаѓа од Обединети Арапски Емирати (458.520 илјади парчиња или 28,5 % од вкупно запленетите фалсификати), Кина (над 229.383 илјади парчиња или 14,2 % од вкупно запленетите фалсификати), Тајван (над 120.000 илјади парчиња или 7,4 % од вкуно запленетите фалсификати) и Турција (75.859 илјади парчиња или 4,7 % од вкупно запленетите фалисфикати).

За сите случаи на запленета фалсификувана стока Цаирнската управа до надлежните инспекциски органи и МВР доставува детални информации за фалисфикатите, инволвираните странски и домашни правни и физички лица, за документарната почетна и крајна дестинација, како и други релевантни информации и податоци.

Согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, а по завршената постапка за утврдување на фалсификат и повреда на правото на интелектуална сопственост, Царинската управа асистираше во спроведувањето на постапки за уништувања на фалсификуваните стоки. Во 2007 година беа уништени 924.577 парчиња и 855 килограми фалсификувани стоки.



## НАПЛАТЕНИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ

Царинската управа администрира и наплатува царини, акцизи и ДДВ при увоз на стоки.




Во 2007 година продолжи процесот на либерализација, согласно обврските од Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација, при што царинските стапки на Република Македонија во 2007 година се намалени за 1,05 % (просечната стапка за 2007 изнесува 9,29%) и годишното намалување на царинските стапки според временските табели од Договорите за слободна трговија (со повеќе земји воспоставена е и целосна либерализација).

Во 2007 година продолжи примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија што исто така резултираше со прогресивно намалување или укинување на царински стапки за голем дел индустриски производи и за група на земјоделски производи.




Царинската управа во 2007 година наплати вкупно 41,79 милијарди денари на име буџетски приходи, што е за 9,09 милијарди денари или 28% повеќе во однос на 2006 година (Графикон бр.1). Споредено со планираните приходи за 2007 година, кои според последниот ребаланс на Буџетот на Република Македонија изнесуваа 38,77 милијарди денари, наплатените приходи се за 11% поголеми.




Од вкупно наплатените буџетски приходи на име царина и други царински давачки во 2007 година се наплатени 6,4 милијарди




денари што е за 0,8 милијарди денари или за 14,24% повеќе од

истиот период во 2006 година кога беа наплатени 5,6 милијарди денари (Графикон бр.3).

На име ДДВ Царинската управа во 2007 година наплати 34,5 милијарди денари што е за 8,1 милијарди денари или за 31% повеќе во однос на 2006 година кога беа наплатени 26,4 милијарди денари (Графикон бр.4)

На име акцизи Царинската управа во 2007 година наплати 0,89 милијарди денари што е за 0,21 милијарди денари или за 31,5% повеќе во однос на 2006 година кога се наплатени 0,68 милијарди денари (Графикон бр.5).

Приходите што ги наплати Царинскаа управа учествуваа со 41,8% во вкупно наплатените буџетски приходи во 2007 година.




## Други приходи

Царинската управа покрај наплатата на царини, акцизи и ДДВ при увоз на стоки, во 2007 година вкупно наплати 67 милиони денари сопствени приходи кои во споредба со 2006 година се поголеми за 20 %, кога вкупно биле наплатени 56 милиони денари.

Во структурата на сопствените приходи најголемо учество имаат приходите од користење на компјутерскиот систем МАКЦИС и приходите од остварена прекувремена работа во неработни денови и празници со цел да се забрза постапката на царинење и да се задоволат барањата на учесниците во царинската постапка.